**ЕДУКАЦИЈА 0Д 22.03.2015 ДО 17.04.2015 ГОД**

**СПЛОШНА БОЛНИЦА-НОВО МЕСТО-СЛОВЕНИЈА**

Николовска Марија





Одделението за анестезија и интензивно лекување е дел од Сплошна болница-Ново место,Словенија.Во него работат доктори-анестезиолози,дипломирани медицински сестри и медицински сестри.

## ИНТЕНЗИВНА НЕГА

Во интензивна нега работат анестезиолози,дипломирани медицински сестри и медицински сестри.

Пред да се влезе во интензивна нега персоналот во посебна просторија се облекува во униформи и кломпи.Униформите во интензивна нега се со плава и виолетова боја.

Интензивна нега има 4 соби,од кои една соба е изолација со 1 кревет.Останатите 3 соби се со 4 кревети.

Пациентите во интензивна нега се уклучени на респиратори и монитори и кај сите пациенти терапија се дава преку перфузори и инфузиони пумпи.

Кај сите пациенти во интензивна нега се мери инвазивен артериски притисок.

Во интензивна нега посебно внимание се обрнува на хигиената,дезинфекција и стерилизација.










**ОПЕРАЦИОНИ САЛИ**

Во операциони сали работат анестезиолози и анестетичари кои се дипломирани медицински сестри.

Болницата располага со 6 операциони сали.

На самиот влез во салите постојат простории за облекување во зелени униформи,кломпи и капи.

Маски и ракавици има на количка во ходникот пред влезот во операциона сала.

Наспроти операционите сали се наоѓа соба за будење во која има 5 кревети.





## ЦЕНТРАЛНА СТЕРИЛИЗАЦИЈА

Се наоѓа под операционите сали и е поврзана со операционите сали преку 2 лифта(стерилен и нестерилен лифт) Располага со 2 автоклава и 1 плазма стерилизатор.







АМБУЛАНТА ЗА ТРЕТМАН НА БОЛКА

Во амбулантата работи анестезиолог и медицинска сестра.

Амбулантата има 2 соби за пациенти,во едната соба има 3 кревети,а во другата соба има 1 кревет.





